## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ- СКРИПТА „ИСТОРИЈА НА ПЕЈЗАЖНАТА АРХИТЕКТУРА 2” ОД ДОЦ. Д-Р ВАСКА САНДЕВА И ДОЦ. Д-Р КАТЕРИНА ДЕСПОТ, ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлука бр. 2202-114/30 од 2.4.2014 год, на петтата редовна седница на Наставно - научниот совет на Факултетот за природни и технички науки, одржана на 31.3.2014 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Петар Намичев, доцент од Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- д-р Мирче Кокалевски, насловен вонреден професор на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;

за изготвување на извештај – рецензија на приложената скрипта „Историја на пејзажната архитектура 2” од авторите доц. д-р Васка Сандева и доц. д-р Катерина Деспот, наменет за студенти на втор циклус студии на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот за скриптата, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот - скрипта:** Насловот на ракописот скрипта е **„ИСТОРИЈА НА ПЕЈЗАЖНАТА АРХИТЕКТУРА 2”**, а предметот е со наслов Историја на пејзажната архитектура 2 и се слуша во VII семестар на втор циклус студии. Материјалот кој е опфатен во ракописот - скрипта е во согласност со Наставната програма по предметот Историја на пејзажната архитектура 2.

**Податоци за обемот на ракописот:** Материјалот е презентиран на 173 страници во А4 формат со нормален проред, во 11 поглавја, а содржи 240 илустрации. Обемот на ракописот скрипта по содржина е во согласност со одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Краток опис на содржината:** Презентираниот материјал во трудот опфаќа 173 страници, поделен во 11 поглавја. Материјалот првенствено е наменет за студентите по архитектура и дизајн - модул Пејзажна архитектура.

Во скриптата се разгледуваат творечкиот процес и практичните аспекти на пејзажната архитектура во целина. Во материјалот се следи развојот на уметноста во градините и парковите, во различните епохи и карактеристиките на секоја од нив.

Согледани се градини и паркови во Египет, Асирија и Вавилон, Персија, Античка Грција и Стариот Рим (Римската Империја). Од времето на **стариот век** се анализирани градини и паркови во Азија - древна Кина, Јапонија, Индија, Персија, во Европа - Византија, Шпанија и други земји.

Следат спецификите во развојот на парковата уметност во текот на ренесансата (со примери од Италија, Франција, Шпанија, Германија, Велика Британија ).

Разгледани се барокни примероци на пејзажна архитектура во Италија (Вили *Алдобрандини, Торлиана, Руфинела, Мути, Боргезе, Албанија, Гарцони, Изола Бела, Казерта*); во Германија (дворците *Херен-Хаузен, Вилхелмсхое, Нимфенбург, Сан Суси*); во Австрија – (дворците *Шенбрун* и *Белведере*), во Франција (*Версај, Во Ле Виконт, Големиот Трианон, Марли*).

Во времето на новиот век во Европа се создадени многу градини и паркови кои се согледани во материјалот: во Велика Британија (*Чизик, Стоун, Кју, Шефилд, Кливден, Шребленс*); во Франција (*Ерменонвил, Малиот Трианон*); во Германија (*Ворлиц, Вајмар, Мускау, Браниц*).

Американската паркова уметност е претставена со дела на Ацтеките и Перуанците, како и од современи паркови.

Парковата уметност во Македонија е претставена со дела од современите паркови.

Пејзажната архитектура во Дубаи е претставена со соодветни современи паркови.

Сумарно согледано, во материјалот се дава општ преглед за развојот на пејзажната архитектура во секоја епоха, со главните карактеристики.

На крајот од ракописот се наведуваат соодветни библиографски единици кои се користени при пишувањето на ракописот.

## З А К Л У Ч О К

Според гореизнесеното, Комисијата констатираше дека ракописот скрипта со наслов „Историја на пејзажната архитектура 2", пријавен од авторите доц. д-р Васка Сандева и доц. д-р Катерина Деспот е напишан според програмската содржина на предметот за кој е наменет, ги задоволува критериумите за објавување и ќе биде од голема корист на студентите за совладување на наставните содржини по истиот.

Врз основа на напред изнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки да го прифати рецензираниот ракопис - скрипта со наслов „Историја на пејзажната архитектура 2" пријавен од авторите доц. д-р Васка Сандева и доц. д-р Катерина Деспот и истиот да го одобри за користење како учебно помагало рецензирана скрипта, а воедно и да им предложи на органите на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип негово соодветно издавање.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Петар Намичев, доцент, с.р.**
**Д-р Мирче Кокалевски, професор, с.р.**

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ТЕОРИЈА НА КОМПОЗИЦИЈА ВО ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА” ОД ДОЦ. Д-Р КАТЕРИНА ДЕСПОТ И ДОЦ. Д-Р. ВАСКА САНДЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлука бр. 2202-114/30 од 2.4.2014 год, на петтата редовна седница на Наставно - научниот совет на Факултетот за природни и технички науки, одржана на 31.3.2014 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– д-р Петар Намичев, доцент на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
– д-р Мирче Кокалевски насловен вонреден професор на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;

за изготвување на извештај – рецензија на приложениот ракопис „Теорија на композиција во пејзажна архитектура” од доц. д-р Катерина Деспот и доц. д-р Васка Сандева, наменет за студенти на втор циклус студии на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Насловот на ракописот е **„ТЕОРИЈА НА КОМПОЗИЦИЈА ВО ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА”**, а предметот е со наслов Теорија на композиција во пејзажна архитектура и се слуша во VII семестар на втор циклус студии. Материјалот што е опфатен во ракописот е во согласност со Наставната програма по предметот Теорија на композиција во пејзажна архитектура и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за која е наменет.

**Податоци за обемот на ракописот:** Материјалот е презентиран на 203 страници во А4 формат со нормален пророед, во 14 поглавја, а содржи 217 илустрации. Обемот на ракописот по содржина ги задоволува критериумите според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

**Краток опис на содржината:** Презентираниот материјал во трудот опфаќа 203 страници, поделен во 14 поглавја, каде што се опфатени уметничките принципи и елементи во пејзажната уметност со проучување на теоријата на композицијата во пејзажната архитектура. Познавањето на морфолошките, еколошките и биолошките карактеристики на растенијата се од голема важност во процесот на дизајнирањето. Важен услов за хармонично вклопување на групата во општото композициско решение на паркот или градината е тие да бидат пропорционално организирани. Водата е исклучително важена и неопходна компонента во секоја творба на парковата уметност. Водата дава живот и динамика во парковите простори ги подобрува микроклиматските услови и ја збогатува уметничката содржина на парковата композиција.

Специфичноста на проектирањето на паркови и градини (дизајн на паркот) бара темелно познавање на главната содржина – декоративните растенија. Висината на декоративните дрва и грмушки, формата на нивните корони, текстурата на листот, кората, боите и нивните плодови се битни во изградувањето на просторот на секој парк или градина.

Во темата се избрани карактеристични примери, при што се земаат предвид одредени морфолошки карактеристики на растенијата. Овие карактеристики се важен фактор при изработка на решенијата за време на дизајнерскиот процес.